# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 18 година LX**

**12 Декември 2025 година**

**opve@veles.gov.mk**


**Бр.461**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/1
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-таседница одржана на ден 12.12.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за прифаќање на донацијаод ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес**

**Член 1**

Во Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес со бр.25-1704/10 од 13.03.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/25), во член 1 став 3, бројот 3.500.000,00 денари, се заменува со 1.800.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/2
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.462**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/2
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/3
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година**

**Член 1**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.16/25), во Главата „VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата“, во табелата, реден број 6, во колоната „Буџет на Општина Велес“ износот „500.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

2. По реден број 8 се додава нов реден број „9“ кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Дополнителни средства за финансирање на задачите и активностите на ЦРВПР | 969.260,00 | 0 |

3. Во редот „Вкупно“, во колоната „Буџет на Општина Велес“ износот „9.158.000,00“ се заменува со износот „9.627.260,00“.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/3
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.463**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/3
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година**

1.Советот на Општина Велес го донесе План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/4
12.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за средно образование | Ознака на буџетска/општинска програма | НБ |
| Развојна потпрограма | Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес | Ознака на развојна потпрограма | НБТ |
| Лице за контакт | дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева | Тел. и телефакс | 043-232-406 |
| Функција: | советници во одделение за комунални работи и сообраќај | Е-маил | snezana.dervisova@veles.gov.mk |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | **Општа цел**:<br>Главна цел на овој предлог-проект е реконструкција на фасадата на општинското средно училиште „Димитрија Чуповски” и фасадата и кровот на спортската сала, со што ќе се задоволат стандардите за енергетска ефикасност за објекти од ваков тип, а во исто време ќе се заштити објектот од понатамошно оштетување.<br>**Специфична цел 1:** Подобрување на состојбите со потрошувачка на енергија, имено фасадата ќе се намали потрошувачката на топлинска енергија за загревање на објектот и ќе се намали енергија за негово ладење.<br>**Специфична цел 2:** Ќе се подобрат условите за учење и работа на учениците и наставниците од ова училиште, со напомена дека една иста зграда ја делат и ССОУ „Димитрија Чуповски“ и Гимназијата „Кочо Рацин“.<br>**Специфична цел 3:** Со реконструкција на кровот на спортската сала ќе се овозможи и поголемо нејзино користење, а тоа придонесува и за развој на спортот кај младите.<br>**Специфична цел 4:** Овие зафати за реконструкција овозможуваат заштита на самиот објект од атмосферските влијанија и негова физичка заштита, како и подобрување на визуелниот ефект на самиот објект, бидејќи се работи за објект граден во шеесеттите години. Објектот е граден во периодот помеѓу 1956-1957 година во павилјонски модел на училиштен објект. Истиот е адаптиран согласно потребите низ годините, па така на местото на некогашната кујна е испроектирана, а потоа и изведена училишната спортска сала. |

| | |
|---|---|
| | Во моментот во објектот заедно функционираат средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“ и средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ во засебни и поврзани крила. ССОУ „Димитрија Чуповски“ независно користи тракт распространет по три ката: сутерен, приземје и кат. Заеднички користат влезна партија, тракт кој води до спортската сала, вертикални комуникации и технички простории. Кабинетите и спортската сала ја користат и 3 паралелки од насочено фискултурно образование. Бројот на ученици на годишно ниво варира околу 250, а персоналот се движи од 55-60 вработени. Училиштето работи во две смени (пон.- петок / 7:30-19:30), а за време на викендите активна е само спортската сала која се изнајмува за рекреативни активности на надворешни лица која работи до 22:30 часот. |
| Планирани активности | Програмата ги предвидува следните планирани активности:<br>Превземање на сите претходни подготвителни работи; земјани работи; ѕидарски работи; разни ѕидарски работи; тесарски работи; покривачки работи; изолатерски работи; градежна столарија; браварски работи; лимарски работи; молеро-фарбарски работи и фасадерски работи. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | **Очекувани резултати:**<br>**Р 1.** Зголемена енергетска и физичка заштита на самиот објект, со што се придонеува кон помала потрошувачка на енергија за загревање и ладење на објектот;<br>**Р 2.** Подобрени услови за работа и престој во објектот;<br>**Р 3.** Намалување на трошоците за користење на објектот;<br>**Р 4.** Поддршка на мерките за енергетска ефикасностм со што се промовира и помала емисија на гасови СО2 и заштита на животната средина.<br>**Очекувани ефекти:** Почиста животна средина, подобар објект и помали финасиски трошоци за загревање на објектот. |
| Ризик и претпоставки | Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а би произлегле со почетокот на работа, како и неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка. |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 2026 год |
| Датум на завршување на проектот | 2026 год |
| Вкупна вредност | 12.924.540,00 |
| Име на студија | 1.Основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, книга 1: архитектонски проект, техн. бр. ПА 101 07/17 од август 2017 година;<br>2. Основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, книга 2: елаборат за ефикасно искористување на енергијата, техн. бр. ПА 101 07/17 од август 2017 година |
| | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво на студија* | Потребна техничка документација:<br>1. Основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, книга 1: архитектонски проект, техн. бр. ПА 101 07/17 од август 2017 година;<br>2. Основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, книга 2: елаборат за ефикасно искористување на енергијата, техн. бр. ПА 101 07/17 од август 2017 година;<br>3. Предмер пресметка за градежно-занаетчиски работи со бр. 08-1490/2 од 28.02.2025 година;<br>4. Завршен ревидентски извештај на основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, бр. Р-88/17 од октомври 2017 година;<br>5. Имотен лист бр. 34649 Извод КО Велес, 1105-11133/2022 од 08.08.2022 година;<br>6. Имотен лист бр. 34649 Препис КО Велес, 1105-1510/2025 од 30.01.2025 година и<br>7. Решение за реконструкција со бр. 1309-22/7 од 14.04.2025 година. | | | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | Проектната документација за Основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, книга 1: архитектонски проект, техн. бр. ПА 101 07/17 од август 2017 година и за Основен проект за реконструкција фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, книга 2: елаборат за ефикасно искористување на енергијата, техн. бр. ПА 101 07/17 од август 2017 година е изготвена оддруштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО. Завршен ревидентски извештај е изготвен од Инком инженеринг ДООЕЛ Скопје | | | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 2017 година | | | | | | |
| | | | | | 20234 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | Број на корисници | Должина на регулирано речно корито | број на спортски натпревари | Број на очувани стари занаети | | | | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2024** | **Предвидени расходи за 2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **По 2028 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | 12.924.540 | | | 12.924.540 | | | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | 12924540 | 0 | 0 | 12924540 | 0 | 0 | 0 |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Број 25-5777/4
12.12.2025 година
Велес

Велес,

Претседател
на Советот на Општина
Велес,
Даниел Јаневски

**Бр.464**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Заклучок за донесување План за изменување и дополнување на План на програма за развој (Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/4
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за донесување План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година**

1.Советот на Општина Велес го донесе План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/5
12.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за противпожарна заштита | Ознака на буџетска/општинска програма | ЊА |
| Развојна потпрограма | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ И ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ | Ознака на развојна потпрограма | ЊАН |
| Лице за контакт | дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева | Тел. и телефакс | 043-232-406 |
| Функција: | советници во одделение за комунални работи и сообраќај | Е-маил | snezana.dervisova@veles.gov.mk |

ОПИС

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | **Општа цел:**<br>Главна цел на овој проект е реконструкција на противпожарниот дом и пропратните објекти (2 објекти кои ги користи противпожарната единица на Општина Велес и просторот околу нив). Со ова ќе се реконструираат објекти изградени во 1978 година, кои до сега не биле предмет на реконструкција.<br>**Специфична цел 1:** Реконструкција на главниот објект на противпожарниот дом со гаражата, со замена замена на целата дотраена кровна конструкција со нова и поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од обновливи извори;<br>**Специфична цел 2:** Зголемена енергетска ефикасност: замена на сите постоечки врати и прозори со нови ПВЦ и поставување на енергетски ефикасна фасада на целиот објект;<br>**Специфична цел 3:** Реконструкција на внатрешни простории според барањата и потребите на вработените, со проширување на соблекувалните, спалните соби, како и изградба на ново, внатрешно купатило за вработените со посебен санитарен чвор;<br>**Опис:** На парцелата постојат 2 објекти: зграда 1 - противпожарен дом со гаражи, зграда 2 - која во моментотов се користи за издавање на патни исправи и сл. и партер, односно просторот околу постоечките објекти (подна и зелена површина во границите катастарската парцела).<br>Противпожарниот дом заедно со соседниот објект и бетонската кула која била со намена за откривање на потенцијални пожари во градот, (а во исто време се користи и за обука на противпожарната единица) се објекти изградени во 1978 година. Поради староста и амортизацијата на објектите, оштетените пристапи и влезови, влезните рампи, постоечките дворни и бетонски површини и слично, потребна е нивна реконструкција, адаптација и обнова според новите барања и стандарди.<br>Истата единица е одговорна и за интервенции за сите потенцијални пожари и други итни случаи и за Општина Чашка, како и за Општина Градско. |

Планирани активности

Активности што ќе се реализираат со овој проект се:

**<u>1. Зграда бр. 1 (противпожарен дом со гаражи)</u>**

- Реконструкција на кровна конструкција и поставување на фотонапонски панели;
- Замена на сите постоечки врати и прозори со нови ПВЦ;
-Реконструкција на внатрешни простории;
- Промена на подната и ѕидната подлога на објектот;
- Промена на електричната инсталација;
- Замена со нов или репарација на постоечкиот котел и топловоден систем;
- Промена на влезните врати во гаражата со нови (роло) врати;
- Поставување на ограда на мостот кој ги поврзува објект 1 и 2 и
- Комлетна реконструкција на гаражата позади главниот објект

2. **<u>Зграда бр. 2 (објект во кој привремено се даваат патни исправи)</u>**

Реконструкцијата и преадаптацијата предвидува:

- Замена на кровната конструкција од салонитни табли и поствување на фотонапонски панели;
- Замена на постоечките врати и прозорци, како и поставување на нова фасада;
- Промена на подната и ѕидната подлога на објектот;
- Промена на електричната инсталација и
- Поставување на нови грејни тела и поставување нова инсталација за греење која ќе биде поврзана со парниот котел.

3. **<u>Простор околу постоечките објекти (подна и зелена површина во границите на катастарската парцела)</u>**

Реконструкцијата и уредувањето на просторот околу постоечките објекти опфаќа:

- Поставување на заштитна метална ограда;
- Поставување на нова влезна врата на електричен погон;
- Поставување на влезна врата на административниот влез;
- Реконструкција на постоечкиот одводен канал (покривање и поврзување со градската атмосферска канализација и
- Изведба на нов одвод на отпадни води од просторот каде се перат возилата.

Решавањето на партерното уредување околу објектите согласно потребите на врботените во единицата го опфаќа следново, и тоа: -
Простор за поставување противпожарни препреки и елементи за обука;
- Изградба на мини терени за кошарка или мал фудбал;

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | **Очекувани резултати:**<br>**Р 1.** Подобрени услови за работа и престој на пожарникарите;<br>**Р 2.** Подобрени услови за обука на самите пожарникари;<br>**Р 3.** Можност за спорт и рекреација на самите пожарникари во кругот на ПП домот;<br>**Р 4.** Прилагодување и проширување на просторот за потребите на противпожарната служба.<br>**Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата се добива современо место, според стандарди, за обука, престој и одмор на пожарникарите. |
| Ризик и претпоставки | Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се неповолни временски услови со енормни врнежи кој ќе го спречи времено реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 2025 год. |
| Датум на завршување на проектот | 2026 год. |
| Вкупна вредност | 25.534.906 денари |
| Име на студија | ГП - Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза архитектура, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво на студија* | 1. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза архитектура, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година, поткрепен со:<br>2. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза електрика техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година;<br>3. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза вододовод и канализација, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година;<br>4. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза машинство, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година;<br>5. Извештај од извршена ревизија на основен проект, техн. број 0304-472/22 од декември 2022 година;<br>6. Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година и<br>7. [illegible] | | | | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | Проектната документација е изготвена од ДГППУ ТИПИНГ ДООЕЛ со техн. бр. 0166-11/22 од ноември 2022 година. Техничка контрола на техничката документација е извршена од страна на ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МЕДИА ИНГ со техн. бр. 0304-472/22 од декември 2022 година. | | | | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 2022 година | | | | | | | |
| | | | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | Број на корисници | Должина на регулирано речно корито | број на спортски натпревари | Број на очувани стари занаети | | | | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

### Динамика на финансирање

| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2024** | **Предвидени расходи за 2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **По 2028 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | 25.534.906 | | 4.552.636 | 20.982.270 | | | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | 25534906 | 0 | 4552636 | 20982270 | 0 | 0 | 0 |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Број 25-5777/5
12.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски

**Бр.465**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/5
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/6
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година**

**1.** Со оваа Програма се врши следното изменување и дополнување во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25):

- Во точка 3. ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ" во колоната „Предвидени средства" износот „5.480.000,00" се брише и се заменува со износот „6.680.000,00".
  - Се додава нова потточка со реден број 3.14. Поддршка и тековно одржување на спортската сала „Гемиџии". Во колоната „Предвидени средства", се внесува износот „1.200.000,00 денари".
- Во делот „ВКУПНО", во колоната „Предвидени средства", износот „25.259.338,00" се брише и се заменува со износот „26.459.338,00".

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувања, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5777/6
12.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.466**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Велес во областа на**
**здравствената заштита во 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/6
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14 ,15/18и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Велес во областа на**
**здравствената заштита во 2026 година**

1.Советот на Општина Велесја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5777/7
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалник

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година**

1. Со оваа Програма се врши следното изменување и дополнување во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25):

- Во точка 3. Бездомни животни, во колона Предвидени средства износот „1.000.000,00“ се брише и се заменува со износот „3.100.000,00“.

- Се додава потточка 3.2.„Оперативен трошок за функционирање на Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември)“ во колона Предвидени средства се внесува износот „2.100.000,00“.

- Во дел ВКУПНО во колона Предвидени средства износот „4.351.000,00 “ се брише и се заменува со износот „6.451.000,00“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/7
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**467.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата**
**на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/7
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 година и Службен весник на Република С.Македонија бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен весник на Република Македонија бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 година) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,
Советот на Општина Велес на 5. седница, одржана на 12.12.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**

За **2025** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаВелес за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 12.041.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **12.041.000** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 600.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 11.026.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **12.041.000** | **0** | **0** |

Бр. 25 - 5777/8
12 .12.2025г.
В е л е с

Претседател на Советот на Општината
**Даниел Јаневски**

**Бр.468**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт-Буџет**
**на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година.

Број 08-5778/8
12.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2026 година**

1.Советот на Општина Велес го утврди текстот на Нацрт – Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт- Буџетот на Општина Велес за 2026 година кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог - Буџет на Општина Велес за 2026 година и доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5777/9
12.12.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 14 став 3 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 и 3/25), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

# НАЦРТ БУЏЕТ
## на Општина Велес за 2026

## 1. Општ дел

Член 1

Буџетот на Општината **Велес** за **2026** година, се состои од :

| | | |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | | 1.600.469.767 |
| Даночни приходи | 234.770.000 | |
| Неданочни приходи | 98.227.000 | |
| Капитални приходи | 39.469.438 | |
| Приходи од дотации | 723.577.093 | |
| Приходи од трансфери | 485.293.986 | |
| Приходи од донации | 19.132.250 | |
| **II. Вкупни расходи** | | 1.632.130.520 |
| Од утврдени намени | 1.631.230.520 | |
| Расходи од резерви | 900.000 | |
| **III. Дефицит / Суфицит** | -31.660.753 | |
| **IV. Финансирање** | 31.660.753 | |
| **Прилив** | 35.044.031 | |
| Домаш.задолжувања | 0 | |
| Странски заеми | 0 | |
| Депозит | 35.044.031 | |
| **Одлив** | 3.383.278 | |
| Отплата на главница | 3.383.278 | |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува :

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.439.846.982** | **807.127.455** | **85.677.000** | **723.577.093** | **19.132.250** | **0** | **1.635.513.798** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **219.410.000** | **234.770.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **234.770.000** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 38.700.000 | 39.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.200.000 |
| 713 | Даноци на имот | 58.650.000 | 63.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 63.250.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 110.860.000 | 120.570.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.570.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за врШење на дејност | 11.200.000 | 11.750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.750.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **98.885.200** | **12.550.000** | **85.677.000** | **0** | **0** | **0** | **98.227.000** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.800.000 | 1.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.850.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 87.873.200 | 1.500.000 | 85.677.000 | 0 | 0 | 0 | 87.177.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 9.212.000 | 9.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.200.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **37.780.083** | **39.469.438** | **0** | **0** | **0** | **0** | **39.469.438** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 37.780.083 | 39.469.438 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.469.438 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **1.083.771.699** | **520.338.017** | **0** | **723.577.093** | **19.132.250** | **0** | **1.263.047.360** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 1.055.816.581 | 520.338.017 | 0 | 723.577.093 | 0 | 0 | 1.243.915.110 |
| 742 | Донации од странство | 27.955.118 | 0 | 0 | 0 | 19.132.250 | 0 | 19.132.250 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2026: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.439.846.982 | 807.127.455 | 85.677.000 | 723.577.093 | 19.132.250 | 0 | 1.635.513.798 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **219.410.000** | **234.770.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **234.770.000** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **38.700.000** | **39.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **39.200.000** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 8.500.000 | 8.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.500.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 26.000.000 | 26.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.000.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 2.500.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| **713** | **Даноци на имот** | **58.650.000** | **63.250.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **63.250.000** |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 17.000.000 | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 8.900.000 | 8.900.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.900.000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 3.000.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 29.000.000 | 33.350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.350.000 |
| 713512 | Камата за ненавремено плаќање на Данокот на имот | 750.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | **110.860.000** | **120.570.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **120.570.000** |
| 0 | | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 717111 | Комунална Такса за привремен престој | 700.000 | 750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 10.000.000 | 12.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.400.000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 56.000.000 | 55.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 55.000.000 |
| 717129 | Други комунални Такси | 150.000 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| 717132 | Комунална Такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 2.150.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 717133 | Комунална Такса за користење музика во јавните локали | 40.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места,со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2026: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.439.846.982 | 807.127.455 | 85.677.000 | 723.577.093 | 19.132.250 | 0 | 1.635.513.798 |
| 717136 | Комунална Такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 22.000.000 | 30.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000.000 |
| 717138 | Надоместоци од Комунална дејност | 11.500.000 | 11.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.500.000 |
| 717140 | Камата за ненавремено плаќање на комунални Такси кои се приход на елс | 20.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **11.200.000** | **11.750.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11.750.000** |
| 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 718127 | Надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со б-интегрирана еколошка дозвола на општината, односно градот скопје | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје | 200.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 |
| 718140 | Надомест за одржување на јавна чистота | 10.300.000 | 10.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.800.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **98.885.200** | **12.550.000** | **85.677.000** | **0** | **0** | **0** | **98.227.000** |
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **1.800.000** | **1.850.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.850.000** |
| 722147 | Глоби за патен сообраќајво надлежност на елс | 300.000 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 722315 | Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **87.873.200** | **1.500.000** | **85.677.000** | **0** | **0** | **0** | **87.177.000** |
| 723011 | Такси за диплома и сертификат | 285.000 | 0 | 345.000 | 0 | 0 | 0 | 345.000 |
| 723012 | Такси за запишување | 600.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 723013 | Такса за испити | 1.100.000 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 723019 | Други образовни Такси | 1.278.000 | 0 | 1.548.000 | 0 | 0 | 0 | 1.548.000 |
| 723111 | целодневна и претшколска грижа | 53.500.000 | 0 | 56.880.000 | 0 | 0 | 0 | 56.880.000 |
| 723112 | Средства за екскурзии | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 9.532.000 | 0 | 6.281.000 | 0 | 0 | 0 | 6.281.000 |
| 723219 | Приходи од продажба на производи и стоки | 1.780.000 | 0 | 2.776.000 | 0 | 0 | 0 | 2.776.000 |
